Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/34

# З А П И С Н И К

од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2020 година**

Седницата започна во 15:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 3.4.2020 година - сумарен

1. Записник од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД – 19, одржан на 3 април 2020 година

2. Предлог – уредба со законска сила за утврдување на исплаќање на финансиска поддршка за сите спортисти, стручни лица и спортска администрација за време на траење на вонредната состојба

3. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година, бр.01-869/1 од 3.4.2020 година, со Предлог - одлука

4. Одлука за распределба на нето добивката за деловната 2019 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука

5. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба

6. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за лизинг за време на вонредна состојба

7. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за финансиските друштва за време на вонредна состојба

8. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на исплатата на надоместоци за членовите на управни одбори, надзорни одбори, совети, комисии, други формирани тела и работни групи во субјектите во јавниот сектор за време на вонредна состојба

9. Предлог - уредба со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба

10. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

11. Предлог - уредба со законска сила за исплата на авторски хонорари за лица ангажирани во органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна или доминантна државна сопственот, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и градот Скопје

12. Предлог - уредба со законска сила за интервентна набавка на респираторни машини за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај

15. Информација со Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба

16. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица и наполица

17. Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

18. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

19. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба

20. Предлог - уредба со законска сила за постапката за издавање на дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба

21. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба

22. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба

23. Кадровски прашања

24. Прашања и предлози

25. Информацијата за потребата од испраќање Писмо за намери до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање (Rapid Financing Instrument)

26. Информација за потреба од донесување на Одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП - Скопје, со Предлог - одлука

*

*        *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 3.4.2020 година - сумарен**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 3.4.2020 година - сумарен, како материјал за информирање.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа и усвои Записникот од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 3 април 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се воведат порестриктивни забрани за движење на населението на подрачјето на општина Куманово и заклучи:

-да се забрани движење на населението на подрачјето на општина Куманово, од понеделник до петок, во временски период од 16:00 часот до 5:00 часот наредниот ден, како и се забранува движење на населението почнувајќи од 16:00 часот во петок, до 5:00 часот во понеделник.

Забраната за движење од 3 април 2020 година (петок) започнува од 21:00 часот и трае до 6 април 2020 година (понеделник) до 5:00 часот.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви план за работа и организација на сите јавни и приватни здравствени установи на подрачјето на Општина Куманово.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви посебен план и организација на работата на Општата болница Куманово, со воведување тријажа за пациентите, протокол за влез на пациентите, повисоко ниво на заштитна медицинска опрема што треба да ја има медицинскиот персонал во болницата и упатување на дополнителен соодветен медицински персонал (епидемиолози, инфектолози и сл.) за потребите на болницата.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи веднаш да ги интензивира контролите и полициските сили на подрачјето на општина Куманово, како во градот, така и во околните населени места и на секој влез и излез од подрачјето на општина Куманово.

5. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделските лица и фармери кои работат и се движат во

атарот на руралните средини, млеко производителите, како и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.

6. Се препорачува на Општина Куманово и општинскиот кризен штаб, во координација со д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на дневна основа да ги координираат и решаваат настанатите состојби и проблеми во ова подрачје.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да го разгледа Барањето доставено од АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија, под бр. сл-014-2020 од 1.4.2020 година во врска со одобрување на користење на нафта и нафтени резерви од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, како и заштитни средства (маски и ракавици) и средства за дезинфекција за сите јавни комунални претпријатија во државата, да стапи во контакт со АДКОМ и до Владата да достави соодветен предлог во врска со ова прашање.

## Точка 2

Владата го одложи за наредната седница, што ќе се одржи на 4 април 2020 година разгледувањето на новиот текст на Предлог-уредбата со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба, поради потребата Агенцијата за млади и спорт да го усогласи текстот на Предлог-уредбата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 3

Владата по Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата по Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2019 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2019 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена  на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за лизинг за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за финансиските друштва за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за ограничување на правото на исплата на надоместоци за претседателите и членовите на управни и надзорни одбори во јавните установи, јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост за време на вонредна состојба, за седницата на Владата што ќе се одржи на 4 април 2020 година (сабота), поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните и именуваните лица во јавниот сектор, за седницата на Владата што ќе се одржи на 4 април 2020 година (сабота), поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата и дневници за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 4 април 2020 година.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за исплата на авторски хонорари за лица ангажирани во органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна или доминантна државна сопственост,

единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, за седницата на Владата што ќе се одржи на 4 април 2020 година (сабота), поради потребата текстот на Предлог-уредбата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за интервентна набавка на респираторни машини за време на вонредна состојба, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба, поради потребата Министерството за финансии да ја реализира предметната активност.

**Точка 14**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за градежно земјиште за време на вонредна состојба (нов текст), со заклучок ставот 2 од член 1 и првиот став од член 2 да се избришат.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за ограничување на извозот на пченица и наполица и брашно од пченица и наполица, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, за седницата на Владата што ќе се одржи на 4 април 2020 година (сабота), поради потребата Генералниот секретаријат на Владата и Министерството за информатичко општество и администрација да го усогласат текстот на Уредбата.

## Точка 19

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за постапката за издавање на дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 23

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 24

**1.** Владата го задолжи Министерството за економија, во соработка со Министерството за здравство да подготви и до Владата да достави соодветна предлог – одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/20), точка 12 од Одлуката, во насока на давање дозвола на извоз на одреден процент на заштитни маски произведени од економските оператори и производители од Република Северна Македонија, со утврден задолжителен процент на производство и забрана за извоз наменето за домашниот пазар.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**2.** Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави допис со насоки за постапување т.е. примена на заклучоците донесени од страна на Владата во врска со вработувања т.е. ангажирање на лица, во период на прогласена вонредна состојба на цела територија на Република Северна Македонија.

По добиениот допис од Министерството за финансии, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија истиот да го достави до сите органите на државна управа, сите акционерски друштва, во државна сопственост, сите јавни претпријатија основани од државата и единиците на локалната самоуправа.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од испраќање Писмо за намери до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање (Rapid Financing Instrument), со Писмо за намери и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од испраќање Писмо за намери до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање (Rapid Financing Instrument).

2. Го одобри текстот на Писмото за намери до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање.

3. Се задолжува Министерството за финансии и и се укажува на Народна банка на Република Северна Македонија, веднаш да го испратат Писмото за намери до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање.

4. Се задолжува Министерството за финансии и и се укажува на Народна банка на Република Северна Македонија, по усвојувањето на оваа информација, да склучат Договор за регулирање на користењето и враќањето на средствата од Инструментот за брзо финансирање.

5. Се задолжува Министерството за финансии, веднаш по одобрување на финансиска поддршка од Инструментот за брзо финансирање од страна на Одборот на директори на Меѓународниот монетарен фонд, да подготви уредба со законска сила за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд за финансиската поддршка од Инструментот за брзо финансирање.

## Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба од донесување на Одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП – Скопје, за седницата на Владата што ќе се одржи на 4 април 2020 година (сабота), поради потребата истата да се разгледа во присуство на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |